СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 48. седница**
**26.5.2021 година**
**Точка на дневен ред бр. 8**

# ОДЛУКА

## за избор на друштво за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, 2021 година**

Врз основа на член 45 од Статут на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст), СО бр. 02-19821/1/II-2 од 11.11.2020 година, Собранието на Стопанска банка а.д. Битола на својата 48. редовна седница одржана на ден 26.5.2021 година, донесе:

# ОДЛУКА

## за избор на друштво за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола

**Член 1**

За вршење ревизија на годишните финансиски извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за периодот 1 (една) година, односно за тековната 2021 година се избира Друштвото за ревизија „Мур Стивенс“ ДОО Скопје.

**Член 2**

Се овластува Управниот одбор на Банката со Друштвото за ревизија од член 1 од оваа Одлука да склучи договор во кој ќе се определи обемот на ревизорските услуги и износот на надоместокот на истите во согласност со дадената понуда.

**Член 3**

Износот на средствата на надоместокот за извршените услуги да паднат на товар на трошоците на работењето на Банката.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

СО бр.02-8767/1/II-8
Битола, 26.5.2021 година

Собрание
Стопанска банка а.д. Битола
Претседавач

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 1

**Образложение**

Во согласност со член 105 од Законот за банките („Службен весник на Р Македонија", бр.67/07, бр.90/09, бр.67/10, бр.26/13, бр.15/15, 153/15, 190/16 и 7/19), банката е должна да определи друштво за ревизија што ќе врши ревизија на годишните финансиски извештаи и трговските книги на Банката.

Стопанска банка а.д. Битола презеде активности за избор на ревизорско друштво за вршење ревизија со доставување Барање за прибирање понуди за избор на друштво за ревизија за вршење ревизија на финансиските извештаи и трговските книги на Банката во согласност со Законот за банките. Барањето за понуда се однесуваше на една година (2021), две години (2021 и 2022), три (2021, 2022 и 2023) и пет деловни години (од 2021 - 2025 година).

Во транспарентниот процес за избор на Друштво за ревизија, притоа имајќи ги предвид законските ограничувања за периодот на последователни ревизии, постоењето можен судир на интереси поради тековни заеднички проекти со одредени друштва, потоа ценејќи ги искуствата од меѓународната финансиска практика и водејќи се од принципите на репутациски ризик за Банката, покани за учество беа испратени на следните друштва за ревизија:

- МУР СТИВЕНС ДОО Скопје;
- ПРАЈСВОТЕРХАУСКУПЕРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје;
- ДИЛОИТ ДОО Скопје;
- КПМГ ДОО Скопје;
- ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје;
- ЕРНСТ И ЈАНГ - ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ ДОО Скопје;
- БДО ДОО Скопје.

Одборот за ревизија, по разгледување на Записникот од состанокот на Комисијата на Банката за прибирање понуди и изготвената преглед ранг-листа од пристигнатите понуди, достави предлог до Надзорниот одбор на Банката да се избере Друштвото за ревизија „Мур Стивенс" ДОО Скопје за период од 1 (една) година, односно за тековната 2021 година.

Надзорниот одбор на седницата одржана на 28.1.2021 година го одобри предлогот на Одборот за ревизија за избор на Друштвото за ревизија „Мур Стивенс" ДОО Скопје за вршење ревизија на финансиските извештаи и трговските книги на Стопанска банка а.д. Битола за период од 1 (една) година, односно за тековната 2021 година и го достави до Собранието на Банката за донесување одлука за назначување друштво за ревизија.

Стопанска банка а.д. Битола
Претседател на Надзорен одбор
М-р Миле Зечевиќ